**Известување за концентрација со која ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О, Словенија, ќе стекне целосна директна контрола над друштвото САНИВИТА Д.О.О., Словенија, и над средства, на Т.Х.Е. продавница за спортска исхрана, д.о.о, Словенија**

**(предмет бр. 08-2/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 02.01.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О, со седиште на ул.  Хероја Вердника 22, 4270 Јесенице, Република Словенија ќе стекне целосна директна контрола над друштвото САНИВИТА Д.О.О., производство на храна д.о.о, со седиште на Обртна цона Угар 19, 1310 Рибница, Република Словенија, Покрајнаведеното стекнување на контрола, како дел од истата концентрација претставува поврзана трансакција -  купопродажба на средства, во Т.Х.Е. продавница за спортска исхрана, д.о.о, со седиште на ул.Хрвашка улица 10, 1000 Љубљана, Република Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О.** настапува на релевантен пазар на продажба на спортска исхрана, додатоци за спортска исхрана и здравје, спортска облека и опрема за тренинг во Словенија, со регистрирана дејност на неспецијализирано посредување во продажба на разновидна стока.

ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О е во сопственост на АЛПЕ ГЕФ СПОРТ Д.О.О, друштво за инвестиции од Р. Словенија, кое поседува 100% удел и кое е составен дел на групацијата т.н АЛФИ ГРУП.

АЛФИ Груп моментално има едно поврзано друштво регистрирано во Република Северна Македонија, и тоа: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со друга стока за домаќинствата.

ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О остварува приходи во Република Северна Македонија преку договор за франшиза со друштвото ГТ СПОРТ СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје за продажба на спортска храна, суплементи и додатоци, но ова друштво не е никако поврзано во поглед на сопственост на ПРОТЕИНИ.СИ Д.О.О.

**САНИВИТА Д.О.О** настапува на релевантен пазар на производство на хомогенизирана и диетална храна.

САНИВИТА Д.О.О нема поврзани друштва во Р.С.Македонија, не е активно, ниту има остварено било какви приходи на пазарот на Р.С.Македонија.

**Т.Х.Е., продавница за спортска исхрана, д.о.о** настапува на релевантен пазар  на услуги за малопродажба преку нарачка по пошта или преку интернет.

Според подносителите на известувањето релевантниот пазар за предметната концентрација би можел да се дефинира како пазар на производство и продажба на спортска храна, суплементи и додатоци на храна.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

08.01.2025 година
Скопје